Скопје, 25.01.2010.

Почитувани колеги и деловни партнери,

**Siron** - палетата на решенија за спречување на финансиски злоупотреби на нашиот партнер Tonbeller AG продолжува да се развива. Во декември 2009 излегоа новите верзии на неколку модули, вклучувајќи ги **SironAML**, **SironRAS**, и **SironPEP**. Останувајќи целосно посветени на испораката на врвни светски решенија за своите клиенити, и со цел да Ви ги презентираме новините во доменот на СППФТ, организираме работилница за презентација на најновите функционалности на **Siron**. На работилницата свои презентации ќе имаат експерти од Tonbeller задолжени за развој и имплементација на **Siron**.

Меѓу останатите новини, **SironAML** сега поддржува логичка дефиниција на нефинансиски трансакции како индикатори, што се совпаѓа со регулаторните барања (нпр. чести промени на адреса, посета на сеф и сл.). **SironRAS** сега автоматски генерира индикатори за **SironAML** врз основа на антиципираните ризици и предвидените контроли. Обратно, **SironCASE** генерира повратни информации за **SironRAS** преку кои може да се следи и подобрува оценката на ризиците и ефективноста на преземените контроли.

Покрај тоа, воведена е и нова BUS архитектура која овозможува поврзување и пренос на разни мета-податоци меѓу компонентите на **Siron** и со други системи во организацијата. Оваа функционалност дава можност за креирање на разни интерфејси за потребите на Банката преку кои може да се поврзуваат останатите системи, нпр. шалтерско работење, оценување на ризици, профилирање на клиенти итн.

Како што можеби знаете, Нет.Бит и Tonbeller се пионери во имплементацијата на решенија за СППФТ во Македонија. Кај неколку банки е завршена или во тек имплементацијата на **SironAML**. Низ формални или неформални дискусии, ќе бидете во можност да се информирате од прва рака за текот на проектите, ефектите од системот, и задоволството на клиентите. Исто така, ќе имате можност за дискусија со нашите консултанти кои работат на имплементацијата на овие проекти.

Одговорните лица за усогласеност, СППФТ и ИТ од голем број финансиски организации ќе присуствуваат на оваа работилница. Ќе нѝ претставува особено задоволство доколку и Вие одвоите време и присуствувате на настанот, кој ќе се одржи во новата конференциска сала на ресторанот Воденица во Скопје, на 18. февруари 2010.

За регистрација и повеќе информации, ве молиме погледнете го нашиот сајт www.netbit.mk или обратете се на Mirjana.Naumoska@netbit.com.mk, 02/3298-533. Бројот на места е ограничен.

Ве очекуваме на презентацијата!

Ваш,

Нет.Бит